РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

ДКСК KSHPK

ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

09-1239/5
02-06-2022

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од познат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 69-та седница одржана на 01.06.2022 година ја донесе следната

## ОДЛУКА

Пријавата заведена под број 09-2582/1 од 27.07.2021 година, против -------------, пратеник во Собранието на РСМ, СЕ ЗАПИРА.

По утврдување на фактичката состојба по предметниот случај ДКСК констатира дека нема повреда на одредбите од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, по што ДКСК нема елементи за натамошно постапување.

Оваа одлука во деперсонализирана форма да се објави на веб страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

## Образложение

Од страна на познат подносител, на ден 14.10.2020 година, доставена е пријава против повеќе лица, помеѓу кои и за ---------- во Собрание на РСМ, --------- и оформен е предмет со број 08-3575/1 од 3014.10.2020 година во Одделението за следење на имотната состојба и интересите. Во предметот, покрај другото, има наводи и за тоа дека наведеното службено лице е коосновач на адвокатското друштво --------- и дека од базата на Министерството за финансии „Open finance", произлегувало дека наведеното адвокатско друштво соработувало и давало услуги на државни компании и јавни претпријатија. Понатаму во пријавата се укажува дека дел од компаниите каде како косопственик се јавува сопругот на ---------, ---------, „--------- ДОО Скопје и -----------, склучиле десетици договори за јавни набавки со државни органи. За овој дел од пријавата, постапувањето по предметот е префрлено во Одделението за спречувањето на судирот на интереси и лобирање.

Државната комисија направи увид во Дистрибутивниот центар на Централен регистер и утврди дека од 04.09.2018 година, лицето ---------- не е повеќе овластено лице во адвокатското друштво ------------, односно со Решение бр. 04-880 од 03.09.2018 година

се констатира дека на лицето -------------, адвокат од Скопје и мирува адвокатската дејност сметано од 29.08.2018 година во Адвокатска комора на РСМ. Со вака констатирана фактичка состојба не е утврдена повреда на член 44 став 1 од ЗСКСИ и член 20 и 24 став 1 од Законот за адвокатура.

Со цел испитување на останатите делови од пријавата, ДКСК се обрати до Собрание на РСМ, по што по добиените податоци ја констатира следнава фактичка состојба:

Во периодот од кога лицето ------------- ја извршува функцијата пратеник, Собранието на РСМ нема воспоставено деловни односи со следниве правни лица: адвокатско друштво -------------, Трговско друштво за компјутерски инженеринг ------------ и Друштво за компјутерско образование -------------------.

При вака констатирана фактичка состојба, ДКСК не утврди повреда на член 51 од ЗСКСИ.

Понатаму, во ЗСКСИ **не постои забрана** да правно лице на службено лице, ниту пак правно лице кое е во сопственост на член на неговото семејство или во кое тој или член на неговото семејство поседува акции или удели или кое го основал тој или член на неговото семејство или во кое одговорното лице е член на неговото семејство, да воспостави деловни односи со институции каде службеното лице не ги извршува јавни овластувања и должности.

Врз основа на се погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот.

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Претседател**
**Билјана Ивановска**

По заклучок од седница на ДКСК,
Изготвил: м-р С.М. -советник
Контролирал: К.З.-раководител
Одобрил: м-р В.Г. – член на ДКСК